| 401120 | Основни плати - државни службеници | 2,473,000 | 3,280,000 | 0 | 0 | 12,760,000 | 12,760,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,233,000 | 16,040,000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 274,000 | 303,000 | 0 | 0 | 1,105,000 | 1,105,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,379,000 | 1,408,000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1,253,000 | 1,651,000 | 0 | 0 | 6,345,000 | 6,345,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7,598,000 | 7,996,000 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 905,000 | 1,183,000 | 0 | 0 | 4,571,000 | 4,571,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,476,000 | 5,754,000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 285,000 | 379,000 | 0 | 0 | 1,445,000 | 1,445,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,730,000 | 1,824,000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 18,000 | 27,000 | 0 | 0 | 97,000 | 97,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 115,000 | 124,000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 45,000 | 62,000 | 0 | 0 | 232,000 | 232,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 277,000 | 294,000 |
| 404 | Надоместоци | 3,055,000 | 2,816,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,055,000 | 2,816,000 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 1,155,000 | 1,155,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,155,000 | 1,155,000 |
| 404150 | Други надоместоци | 1,900,000 | 1,661,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,900,000 | 1,661,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,333,000** | **1,336,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1,333,000** | **1,336,000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 249,000 | 249,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 249,000 | 249,000 |

# ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка и потпрограми

| | **644,652,000** | **543,195,000** | **54,135,000** | **56,238,000** | **619,170,000** | **650,526,000** | **25,470,000** | **31,604,000** | **0** | **0** | **1,343,427,000** | **1,281,563,000** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | **Вкупни расходи** | |
| | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| 421220 Дрва | 189,000 | 189,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 189,000 | 189,000 |
| 421420 Регистрација на моторни возила | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 60,000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 524,000 | 396,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 524,000 | 396,000 |
| 423310 Униформи | 424,000 | 296,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 424,000 | 296,000 |
| 423990 Други материјали | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 500,000 | 631,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500,000 | 631,000 |
| 424190 Поправки на други возила | 400,000 | 400,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400,000 | 400,000 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 100,000 | 231,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 231,000 |
| 425 Договорни услуги | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 60,000 |
| 425260 Осигурување на моторни возила | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 60,000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ) | 550,000 | 550,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550,000 | 550,000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **550,000** | **550,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **550,000** | **550,000** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 550,000 | 550,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550,000 | 550,000 |
| 480190 Купување на друга опрема | 550,000 | 550,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550,000 | 550,000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година , донесена н седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 – 5736/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05/21…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година со намена за Привремени вработувања.

Во Основниот Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се планира распределба на трошоци за:
-Програма Г1 конто 427110 –Привремени вработувања во износ од 12.000.000 ден.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5585/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година , донесена н седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.весник на РСМ”бр. 32/20, 111/23 и 171/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.44/23, 44/23, 45/24, 46/24, 47/24, 49/24, 56/24) се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава: I. Урбанистички планови финансирани од Општина Кавадарци, по точка 11 се додаваат пет точки кои гласат:

12. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Бошава 1 ,на дел од КП 10 и дел од КП 11/1, КО Бошава, Општина Кавадарци со површина од 100827,21 м2.
13. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Бошава 2 ,на дел од КП 10 и дел од КП 11/1, КО Бошава, Општина Кавадарци со површина од 96714,14 м2.
14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Бошава 3, на дел од КП 11/1, КО Бошава, Општина Кавадарци со површина од 96714,14 м2.
15. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Бошава 4, на дел од КП 11/1, КО Бошава, Општина Кавадарци со површина од 78375,95 м2.
16. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Бошава 5, на дел од КП 11/1, КО Бошава, Општина Кавадарци со површина од 119986 м2.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-5585/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за комунални дејности за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), и член 5 и 7 од Законот за комунални дејности (,,Службен весник на Република Македонија бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 ), а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, бр.4/17, 65/20 и 13/22), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница, одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности за 2024 година бр.08-7480/34 од 21.12.2023год. (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, бр.44/23, 45/24 и 48/24**)** се врши следното изменување и дополнување :

2.Во поз В ,,Одржување на сообраќајници со хоризонтална и вертикална сигнализација,, во точка 1 ,,.Обележување на сообраќајници со полни испрекинати линии, пешачки премини ,,

-износот од 5.000.000,00ден се заменува со износ од 6.500.000,00ден.

**Вкупниот износ на поз.В се заменува од износ на 7.900.000,00 се заменува на износ од 9.400.000,00ден.**

3. Во поз Г ,,Јавно осветлување,, во точка 1 ,,Тековно одржување на улично осветлување ЈП Паркинг ,,

-износот од 2.500.000,00ден се заменува со износ од 3.200.000,00ден.

**Вкупниот износ на поз.Г се заменува од износ на 40.000.000,00 се заменува на износ од 40.700.000,00ден.**

Во останатиот дел Програмата не се менува.

ВО ВКУПНИОТ РЕКАПИТУЛАР НА ПРОГРАМАТА поз,,А,,,,Б,, ,,Д,, и ,,Ѓ,,не се менуваат,

поз,,Б,,се менува од вредност 7.900.000,00 ден. на вредност од 9.400.000,00 ден., поз,,Г,,се менува од вредност 40.000.000,00 ден. на вредност од 40.700.000,00 ден., додека вкупната сума од 106.790.000,00 ден. се менува на сума од 108.990.000,00 денари и истиот гласи:

**РЕКАПИТУЛАР НА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**А.Уредување на просторот ( не се менува ) 18.000.000,00 ден.**

**Б.Одржување на урбана опрема ( не се менува) 2.000.000,00 ден.**

**В.Хоризонтална и вертикална сигнализациј (се менува) 9.400.000,00 ден.**

**Г.Јавно осветлување ( се менува ) 40.700.000,00 ден.**

**Д.Посебни програми (Јавна чистота) ( не се менува) 36.000.000,00 ден.**

**Ѓ.Дезинфекција ,дезинсекција и дератизација (не се менува ) 2.890.000,00 ден.**

**Вкупно – 108.990.000,00ден**

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.10.2024 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Одлука за утврдување на минимален процент и висина на банкарска гаранција за сериозност на понуда и изградба на објект на земјиште со КП бр.12497/101 КО Кавадарци град**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за утврдување на минимален процент и висина на банкарска гаранција за сериозност на понуда и изградба на објект на земјиште со КП бр.12497/101 КО Кавадарци град, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 64 став 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 13, 13-а, 13-б и член 59-а став 1 алинеја 2 од Законот за градење (”Службен весник на Република Македонија” бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и ”Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на минимален процент и висина на банкарска гаранција за сериозност на понуда и изградба на објект на земјиште со КП бр.12497/101 КО Кавадарци град**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува минимален процент, висина на банкарска гаранција за сериозност на понуда и изградба на објект на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува ГП бр.12.1.18/2 со вкупна површина од 299м$^2$, составена од КП.бр.12497/101 КО Кавадарци град, градежно неизградено земјише со површина од 299м$^2$, запишано во Имотен лист број 1, согласно Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 12.1.18 од ДУП за дел од УЕ 12, дел од Блок 12.1 ДИСАНСКА КО Кавадарци град, Општина Кавадарци донесен со Одлука бр.08-7742/26 од 22.12.2022 година, за изградба на објект со намена А3 - групно домување вон опфат на урбанистички план, на КП бр.12497/100 КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, со тех.бр.05-04/2023 од мај 2023 година, одобрен од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци со Потврда за одобрување бр.11-2929/9 од 10.07.2023 година, за изградба на објект со намена А3 - групно домување, со компатибилни класи на намена: Б1 - мали комерцијални и деловни објекти, Б2 - големи трговски единици, В2 - здравство и социјална заштита и Д3 - спорт и рекреација.

**Член 2**

Висината на банкарската гаранција за сериозност на понудата од страна на понудувачите се утврдува на 5% од просечната цена за изведба на објект со намена А3 (групно домување), утврдена во Ценовник за инженерски услуги донесен од Собранието на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија и објавен во "Службен весник на Република Сверна Македонија" број 259/2022.

Висината на банкарската гаранција за изградба на објектот од страна на најповолниот понудувач се утврдува на 5% од просечната цена за изведба на објект со намена А3 (групно домување), утврдена во погорецитираниот поединечен акт.

Минималниот процент од бруто развиената површина на делот од објектот кој по изградбата треба да биде предаден во сопственост на општината, односно субјектот од член 13-а став 1 од Законот за градење кој го пренесува правото на градење, изнесува 5% конвертиран во реален дел при склучување на договорот за пренесување на правото на градење.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5585/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување на Програмата**
**за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална**
**заштита за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување на Програмата**
**за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална**
**заштита за 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2024 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.44/23), се врши следното изменување и дополнување :

**Во Глава ||.АКТИВНОСТИ, во став 2 :**

- Во алинеја 2 - износот од 1.000,000,00 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 1.500.000,00 денари,

  Во вкупно износот од 4.000.000,00 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 4.500.000,00 денари .

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-5585/21** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **29.10.2024 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на спорт и млади во 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на спорт и млади во 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2024 година со арх.бр.08-7480/54 од 21.12.2023 година, арх.бр.08-4552/55 од 22.08.2024 година, се врши следната измена и дополнување

Во глава ФИНАНСИРАЊЕ,

-во став 1 износот од 38.960.000,00 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 39.660.000,00 денари,

- после став 4 СЕ ДОДАВА нов став 5 кој гласи:

„ПРОЕКТ „Состојбата на физичкиот фитнес, нутритивниот статус и статусот на стопалата кај децата и младите од општина Кавадарци“ од Универзитет св.Кирил и Методиј - Скопје, средства во износ од 700.000,00 денари од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година, а кои ќе се реализираат преку Сојуз на спортови на Кавадарци.“

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врзоснованачлен 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службенвесникна РМ" бр.05/2002 и "Сл.весникна РСМ"бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци"бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),
Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2024година(,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,, бр.44/2023, бр.47/2024, бр.48/2024, бр.56/2024), се вршат следните измени и дополнувања:

**I.** Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој
- Во точка 11,

**Текстот ,,**Стратегија за роми 2024, Министерството за транспорт и врски секоја година распишува Јавен повик за поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијатаза ромите. Општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира со проектот ,,Потпорна конструкција на ѕид на Булевар Македонија",
се **ЗАМЕНУВА**со текстот Проект ,,Изградба на улици, потпорна конструкција и улична расвета на ул.Ѓорѓи Соколов".

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе сеобјави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/23 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за *изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот ,,Изградба на улици***

***1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот ,,Изградба на улици, потпорна конструкција и улична расвета на улица Ѓорѓи Соколов, КО Кавадарци”, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.*

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/24 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци д-р Митко Јанчев**

Врзоснованачлен 36 став 1 точка 15 одЗаконотзаЛокалнаСамоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл. Весник на РСМ“бр.202/24), член132 став 1одСтатутотнаОпштинаКавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци”бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

СоветотнаОпштинаКавадарцина 48-таседницаодржананаден29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот ,,Изградба на улици, потпорна конструкција и улична расвета на улица Ѓорѓи Соколов, КО Кавадарци”

**Член 1**

Во Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот ,,Изградба на улици, потпорна конструкција и улична расвета

на улица ,,Ѓорѓи Соколов,, КО Кавадарци” бр. 08-1350/20 од 22.02.2024 година, се врши следната измена и дополнување:

-Член 2 се менува и гласи:

,,Општина Кавадарци-Локална самоуправа за реализација на овој проект учествува со сопствени средства во износ од 1.200.000,00 денари, остатокот од 1.122.811,00 денари, се учество на Министерство за транспорт и врски.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р СтојанчоРамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одредување на приоритетен проект**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** *Одлука за* одредување на приоритетен проект**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врзоснованачлен 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весникна РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весникна РСМ“бр.202/24), член132 став 1од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци”бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одредување на приоритете проект**

**Член 1**

Се одредува Проектот "Туризам раководен од потребите нас итеграѓани со негување на социјална инклузија и иновација АКСЕС + (ACCESS+)" како приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по јавниот повик за користење на средства од ИПА Интерегпроекти за преку гранична соработка со РепубликаГрција.

**Член 2**

Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата за олеснување и пристапналицататасопопреченост. Вкупна инвестициона вредност на овој проект е 12.405.456 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат од Буџетотна Република Северна Македонија и тоа 20%, а остатокот на финанискиte средства е на ИПА Интерегпроекти за прекугранична соработка со Република Грција.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објавиво ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р СтојанчоРамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање Согласност за судско порамнување**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање Согласност за судско порамнување**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка (“Сл.весник на РМ” бр.79/05 ...124/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница, одржана на ден 29.10.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за судско порамнување**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр.МАЛВ.П.бр.66/2024каде како тужителсе јавува Горан Стојковод Кавадарци, со адреса на живеење на ул,,.Словенска,, бр.15, Кавадарци, со ЕМБГ0505974483038, преку полномошник Адвокат Ило Змејковскиод Кавадарци, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот д-р Митко Јанчев од Кавадарци и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Гоце Ангеловски, на име надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 81.201,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

**С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е**

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Ило Змејковски од Кавадарциго повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална штета за износ од 31.201,00 денари со кое тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 50.000,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 50.000,00 денари на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална штета на тужителот да му исплатат вкупен износ

од 50.000,00 денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во вкупен износ од 21.613,00 денари и тоа: за состав на тужба 3.900,00 денаризголемена за второтужен од 25% односно вкупен износ од 4.875,00 денари, за присуство на 1 рочиште износ од 4.680,00 денаризголемен за второтужен од 25% износ од 5.850,00 денари, за судска такса за тужба износ од 2.000,00 денари,износ од 8.888,00 денари за вешт наод и мислење.

Исплатата да се изврши на начин што износот од58.888,00 и тоа: 50.000,00 денари на име нематеријална штета заедно со износот од 8.888,00 денари за изготвување на вешт наод и мислење ќе се исплатат на тужителот Горан Стојков а износот од 12.725,00 денари и тоа: за состав на тужба 3.900,00 денари зголемена за второтужен од 25% односно вкупен износ од 4.875,00 денари, за присуство на 1 рочиште износ од 4.680,00 денари зголемен за второтужен од 25% износ од 5.850,00 денари, за судска такса за тужба износ од 2.000,00 да се исплатат на Адвокат Ило Змејковски согласно доставено полномошно.

Судската такса за судското порамнување ќе ја платат тужените по пола согласно задолжение на судот.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под МАЛВ.П.бр.66/2024, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-5585/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.212/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.212/24

поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.212/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.212/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните
односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.212/24 за определување на надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.2457 м.в.„Катуниште“ култура ш со новоформирани кп.бр.2457/2 во површина од 415 м2 и кп.бр.2457/3 во површина од 226 м2 со право на сосопственост од 763/2763 на Паракеова Трајанка од Кавадарци ул.„Страшо Пинџур“бр.4, 1000/2763 на Иванчо Богев од Кавадарци ул.„Бул.Цветан Димов“бр.7/2/8, 1000/2763 на Сашко Карадаков од Кавадарци ул.„Ѓорѓи Сугаре“бр.23, по Имотен лист бр.1400 КО Ваташа кои се формираат согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци за инфраструктура за регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара со спортско рекреативни содржини КО Ваташа (велосипедско пешачка патека) изработен од ДГРИ „Геодата Инженеринг“ ДООЕЛ Кавадарци со дел.бр.бр.0801/123/2021 од 10.04.2021 година, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-326 од 30.05.2023 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба – велосипедско пешачка патека, согласно

Измена и дополна на Проект за инфраструктура за регулација и уредување на речно корито на река ,,Луда Мара" со спортско рекреативни содржини КО Кавадарци 2 и КО Ваташа Општина Кавадарци со тех.бр.3748 од Март 2021 изработен од ДПТУ„Дизајн центар инженеринг"Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците Иванчо Богев, Сашко Карадаков и Трајанка Паракеова износ од 676,5,00 ден./м2 односно за вкупна површина од 641 м2 надоместок во вкупен износ од 433.636,00 денари сразмерно на големината на нивните идеални делови и трошоци на постапката во вкупен износ од 57.987,00 денари согласно доставен поднесок.

3. Противниците се согласни надоместокот од точка 2 на оваа спогодба, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да им го исплати во 2025 година заклучно со 30.06.2025 година на трансакциска сметка на противниците а трошоците на постапката да ги плати во истиот рок, на жиро сметка на полномошникот на противниците.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.212/24.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.212/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-5585/27** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **29.10.2024 година** | **Претседател** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката**
**за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,**

**Член 1**

Во Одлуката за кофинансирање на Проект ,,Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,, со арх.бр.08-4897/1 од 03.08.2023 година и бр.08-5302/55 од 29.08.2023 година , се врши следната измена и дополнување:

-Во член 2 износот од 34.624.431 денари без ДДВ СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 34.556.500 денари без ДДВ;

- Во член 3,

износот од 31.161.988 денари без ДДВ СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 31.100.850,00 , денари без ДДВ,

износот од 3.462.443 денари без ДДВ СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 3.455.650 денари без ДДВ,

на крајот од реченицата после интерпукцискиот знак ,, точка,, СЕ става интерпукцискиот знак,, запирка,, и СЕ ДОДАВА ,, како и за проектантски надзор износ од 217.706,00 денари без ДДВ.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во,, Службен Гласник на општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на Договор за проектантски надзор при изведување на градежните работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на Договор за проектантски надзор при изведување на градежните работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а во врска со член 19 од Законот за градење (,,Сл.Весник на РМ,, бр.130/09...168/18 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр.244/19...111/23), член 6 став 5 од Договорот за соработка на Општина Кавадарци и Министерство за труд и социјална политика – РСМ со арх.бр.14-5315/6 од 24.11.2023 година (Општина Кавадарци) и арх.бр.02-7546/1 од 24.11.2023 година (Министерство за труд и социјална политика – РСМ), член 18 и член 23 од Договорот за јавна набавка на градежни работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци со арх.бр.09-1747/1 од 05.03.2024 година (Општина Кавадарци) со арх.бр.02-531/1 од 04.03.2024 година (Министерство за труд и социјална политика – РСМ) и арх.бр.03-08/1 од 04.03.2024 година (ДПГТУ Нет Инвест Гроуп ДООЕЛ експорт-импорт с.Слатино-Теарце,Тетово),, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на Договор за проектантски надзор при изведување на градежните работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за склучување на Договор за проектантски надзор при изведување на градежните работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да го потпише следниот,

**Д о г о в о р**
**за проектантски надзор при изведување на градежните работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци**

Договорни страни,
1. Општина Кавадарци – Локална самоуправа, со седиште Плоштад ,,Маршал Тито,, бр.2 Кавадарци, претставувана Градоначалникот на Општина Кавадарци д-р Митко Јанчев, во понатамошниот текст како Нарачател; и
2. Друштво за градежништво,, Сивил Инженеринг, ДОО 11-ти октомври 21-3/22 Скопје - Центар, **Центар , претставуван од управител Никола Тасевски-во понатамошен текст (Извршител - проектантски надзор),**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните односи помеѓу договорните страни во врска со вршење проектантски надзор при реализација на проектната документација за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци, согласно Основен проект со фази за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост, со тех.бр.232-32 од месец февруари 2020 година, изработен од Друштво за градежништво,, Сивил Инженеринг, ДОО Скопје, со следните фази:

-Архитектонски проект -,,А,,
-Градежно конструктивен дел- ,,Г,,
-Електротехнички проект- ,,Е,,
-Проект за водовод и канализација-,,ВК,,
-Машинство-,,М,,

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

Член 2

Извршителот на услуга - проектантскиот надзор се обврзува континуирано да ја следи реализацијата на објектот, предмет на овој договор, и да одговара на барањата на изведувачот.

Извршителот на услуга - проектантскиот надзор се обврзува, доколку е потребно да изврши било каква измена во проектната документација или обезбедување на дополнителна проектна документација на барање на надзорниот инженер, истата да ја достави до Општината, во рок од 5 (пет) дена.

Извршителот на услугата- проектантскиот надзор, по добивање на писменото барање од страна на општината за воочените недостатоци од страна на Изведувачот е должен без одложување писмениот одговор да го даде за бараното објаснување од проектната документација заедно со предлог решение, технички цртежи и сл. да го достави до општината, во рок од 5 дена. Доколку станува збор за поголеми промени во проектната документација, рокот може да биде продолжен, со согласност на Општината и МТСП.

Извршителот на услуга - проектантски надзор е должен при вршењето на проектантскиот надзор, задолжително да ги применува и да се придржува кон одредбите на Законот за градење и неговите подзаконски акти, Законот за урбанистичко планирање и неговите подзаконски акти и другите прописи од обласста на градежништвото.

Член 3

Нарачателот на услугата се обврзува, на барање на Изведувачот на градежните работи, доколку е потребна било каква измена во проектната документација или обзбедување на дополнителна проектна документација, без одложување со писмено барање да се обрати до Извршителот на услугата -проектантски надзор, и писмениот одговор од проектанстскиот надзор да го достави до надзорниот инженер и МТСП.

Нарачателот на услугата се обврзува да ја исплати цената за извршените работи предмет на овој Договор на начин определен во член 5 од овој Договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

Вредноста на овој Договор е во висина од 217.706,00 денари без ДДВ, односно:

-Архитектонски проект -,,А,,- 0,39% со процентуално намалување од 25% - 0,2925;

-Градежно конструктивен дел-,,Г,,- 0,23% со процентуално намалување од 25% - 0,1725;

-Електротехнички проект- ,,Е,, -0,1 % со процентуално намалување од 25% - 0,075;

-Проект за водовод и канализација -,,ВК,,- 0,05% со процентуално намалување од 25% - 0,0375;

-Машинство -,,М,,- 0,08 % со процентуално намалување од 25% - 0,06,
 или вкупно 0,85 %, односно со процентуално намалување од 25% изнесува 0,63% од вкупната инвестициона градежна вредност, и тоа

34.556.500 денари x 0,63 =  217.706,00 денари,
согласно Ценовник за инженерски услуги (Ценовник за висината на минималниот надоместок на услугите на овластените архитекти и овластените инженери во областа на високоградбата), донесен од Комора на овластени архитекти и овластени инженери на РСМ (,,Сл.Весник на РСМ,, бр.259/22), и Одлука за кофинансирање на Проект,,Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр37/23, бр.38/23  и бр.60/24).

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 5

Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши  по завршување на градежните работи на објектот врз основа на доставена фактура за извршена корекција во проектната документација во соодветната фаза, потврдена со потпис и печат од надзорен инженер на градбата и од овластеното лице од Општина Кавадарци, во рок од 60 (шеесет) дена од приемот во архива на Општина Кавадарци, Плоштад ,,Маршал Тито,, бр.2 Кавадарци.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 6

Овој Договор е со времетраење од денот на склучувањето се до завршувањето на градежните работи и добивање на дозвола за употреба на  објектот Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост, Општина Кавадарци.

Член 7

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 8

Договорните страни се согласни со содржината на овој договор и во знак на согласност истиот го потпишуваат.

Член 9

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ  СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Општина Кавадарци** | **ДГ ,,Сивил Инженеринг, ДОО Скопје** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **д-р Митко Јанчев** | **Никола Тасевски** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави  во “Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-5585/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**

**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање донација – материјално добро од**
**Трговско друштво за производство, трговија и услуги**
**" КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање донација – материјално добро од Трговско друштво за производство, трговија и услуги " КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница, одржана на ден 29.10.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација – материјално добро од**
**Трговско друштво за производство, трговија и услуги**
**" КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација материјални добра изразени како ПЕ 100 цевки и фитингарија од Трговско друштво за производство, трговија и услуги " КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија, согласно доставена Про-фактура 24-0160-000188 од 08.10.2024 година,

за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на спортот како и за развој на рекреативните активности согласно член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 349.694,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи договор за донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-5585/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Наративниот и финансиски Извештај за реализација на Програмата „Тиквешки Гроздобер" 2024**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Наративниот и финансиски Извештај за реализација на Програмата „Тиквешки Гроздобер" 2024**,** донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 – 5736/31** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Наративен и финансиски Извештај за реализација на Програмата „Тиквешки Гроздобер" 2024 со арх.бр.08-3773/9 од 25.10.2024 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје,

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 23.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч ОК**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Наративниот и финансиски Извештај за реализација на Програмата ,,Тиквешки Гроздобер" 2024 со арх.бр.08-3773/9 од 25.10.2024 година, доставен од Иновативa Груп ДОО Скопје,

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Кавадарци .

**Бр.08-5585/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр. 09 – 5736/32** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24)Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-5618/2 од 28.10.2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница, одржана на ден 23.09.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во износ од 90.000,00 денари, на лицето Верица Стојановска ул.,,Народни Херои" бр.6 од Кавадарци, за лекување на деца во странство Република Грција.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година на лицето Верица Стојановска на нејзина трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5586/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на на заинтересирани лица за избор на членови на Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на на заинтересирани лица за избор на членови на Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 17-а од Законот за јавни претпријатија (,,Сл.весник на РМ“ бр.38/96.....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр. 275/19 и 208/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на на заинтересирани лица за избор на членови на Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за објавување на Јавниот повик пројавување на интерес за пројавување на заинтересирани лица за избор на членови на Управниот одбор на на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци - ( прилог бр.1 на оваа Одлука).

**Член 2**

Мандат на членовите на Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци изнесува 4 (четири) години.

**Член 3**

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Кавадарци www.opstinakavadarci@gov.mk, и на огласна табла на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Одлука за давање согласност за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 17-а и 26 –а од Законот за јавни претпријатија (,,Сл.весник на РМ“ бр.38/96.....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр. 275/19 и 208/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за објавување на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци.

**Член 2**

Мандат на членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци изнесува 4 (четири) години.

**Член 3**

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Кавадарци www.opstinakavadarci@gov.mk и на огласна табла на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од град во општина Кавадарци во месец Јуни 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од град во општина Кавадарци во месец Јуни 2024 година**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 60 став 1 точка 1, член 143 став 1 алинеја 2 од Закон за заштита и спасување (,,Сл. весник на РМ“ бр.26/2004, ....83/2018) член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21“)

Советот на Општина Кавадарци на 49-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од град во општина Кавадарци во месец Јуни 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го усвојува Елаборатот за проценка на штета од град во општина Кавадарци во месец Јуни 2024 година со арх.бр.09-4677/190 од 22.10.2024 година, изработен од Комисија за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територија на општина Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен гласник на општина Кавадарци "

**Бр.08-5585/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на**
**Одлуката за одредување на проектот**
**"Проект Поддршка и развој на згрижувачки семејства и биолошки семејства во ризик во Кавадарци" како приоритетен проект**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одредување на проектот "Проект Поддршка и развој на згрижувачки семејства и биолошки семејства во ризик во Кавадарци" како приоритетен проект**,** донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врзоснованачлен 36 став 1 точка 15 одЗаконотзаЛокалнаСамоуправа (,,Службенвесникна РМ" бр.05/2002 и "Сл.весникна РСМ"бр.202/24), член132 став 1одСтатутотнаОпштинаКавадарци („СлужбенгласникнаОпштинаКавадарци"бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

СоветотнаОпштинаКавадарцина 48-таседницаодржананаден29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнувањена**
**Одлукатазаодредувањенапроектот**
**"ПроектПоддршка и развојназгрижувачкисемејства и биолошкисемејстваворизиквоКавадарци" какоприоритетенпроект**

**Член 1**

Во Одлуката, за одредување на проектот "ПроектПоддршка и развој на згрижувачки семејства и биолошки семејства во ризик воКавадарци" како приоритетен проект со арх.бр. **08-4552/11 од 22.08.2024 година**, севршиследнатаизмена и дополнување:

Вочлен 1 став 1, послеинретпукцискиотзнак ,,точка,, сеставаинтерпукцискизнак ,,запирка,, и СЕ ДОДАВА следниоттекст:

,, и во дел од просторија во објект лоциранна ул,,7-ми Септември,, Кавадарци , КП.бр.12574 КО Кавадарци, Имотенлист бр.13489,,.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќесеобјавиво ,,СлужбенГласникнаОпштинаКавадарци,,.

**Бр.08-5585/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р СтојанчоРамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 120 и 121 од Законот за управување со отпад (,,Сл.весник на РМ,,бр.68/04...31/20), Одлуката со арх.бр. 08-5263/11 од 25.08.2022 година за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава , с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб**

**Член 1**

Во Одлуката со арх.бр.08-7480/23 од 21.12.2023 година и арх.бр.08- 4552/6 од 22.08.2024 година за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб , се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 износот од 350.000,00 денари, **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 700.000,00 денари.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/38** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24 а во врска со Одлуката за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти ,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци со арх.бр.08- 7480/25 од 21.12.2023 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката со арх.бр. 08- 7480/25 од 21.12.2023 година и арх.бр.08- 4552/7 од 22.08.2024 година за субвенционирање на субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци, се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 став 1 износот од 3.390.000,00 ( три милиони триста и деведесет)денари, **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 4.600,000,00 (четири милиони и шесто илјади ).

Во член 1 став 1 алинеја 1 износ од 2.790.000,00 ( два милиони седумсто и деведесет)денари наменети за редовно работење **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 4.000.000,00 (четири милиони) денари.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката**
**за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта**
**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Каваадрци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Каваадрци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/39** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со Одлуката за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци со арх.бр.08-7480/25 од 21.12.2023 година и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта**
**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Каваадрци**

**Член 1**

Во Одлуката со арх.бр.08-7480/25 од 21.12.2023 година и арх.бр. 08-4552/8 од 22.08.2024 година, за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ

КАВАДАРЦИ“ Кавадарци наменети за редовното работење , се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 износот од 9.200.000.00 (девет милиони и двесте илјади) денари, **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 11.700.000,00 денари (единаесет милиони и седумстотини илјади).

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“Кавадараци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“Кавадараци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,

**Бр. 09 – 5736/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со Одлуката за субвенционирање ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“Кавадараци со арх.бр.08- 7480/26 до 21.12.2023 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“Кавадараци**

**Член 1**

Во Одлуката со арх.бр. 08- 7480/26 до 21.12.2023 година и арх.бр. 08-4552/9 од 22.08.2024 година**,** за субвенционирање на субвенционирање на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадараци, се врши следната измена и дополнување:

“-Во член 1 став 1 износот од 5.110.000,00 (пет милиони сто и десет илјади) денари, **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 7.410.000,00 денари(седум милиони четиристотини и десете илјади) ;

-во член 1 став 1 алинеја 1 износ од 4.200.000,00 (четири милиони и двеста илјади)денари наменети за редовно работење **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 6.000.000,00 денари(шест милиони );

-во член 1 став 1 алинеја 2 износ од 210.000,00 денари (двеста и десет илјади) наменети за покривање на трошоци за превоз на ранливи категории лица **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 410.000.00 денари(четиристотини и десет илјади)

-во член 1 став 1 алинеја 3 износ од 700.000,00 (седумстотини илјади) денари наменети за овозможување на бесплатен превоз на пензионерите на територијата на Општина Кавадарци **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 1.000.000,00 денари(еден милион).“

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување дополнување на Одлуката**
**за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/41** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а во врска со член 6 и член 11 од Законот за социјална заштита (,,Сл.весник на РСМ" бр. 104/2019....99/2022) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2024 година**

**Член 1**

Во Одлуката со арх.бр.08-7480/22 од 21.12.2023 година, и арх.бр.08- 4552/5 од 22.08.2024 година**,** за субвенционирање на ЈП ,,Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2024 година, се врши следната измена и дополнување:

Во член 2 износот од 170.000.00 денари (сто и седумдесет илјади) , СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 970.000,00 денари (деветстотини и седумесет илјади).

Во останатот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-5585/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**
**Одлука за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/42** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 29.10.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година со намена за Реконструкција на градски базен согласно Договорот за користење на финансиски средства од Министерството за спорт.

Во Основниот Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се планира распределба на трошоци за:

-Програма АА конто 482930 –Реконструкција на други објекти во износ од 18.761.518 ден.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5585/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 113 став 1

точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програмата изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програмата изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.10.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 – 5736/43** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ,, бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и “Сл.Весник на РСМ,, бр. 275/19), Правилник за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.193/16 и бр. 72/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница, одржана на ден 29.10.2024 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ**
**НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2024 ГОДИНА**

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2024 година бр. 08- 7480/30 од 21.12.2023година, 08-625/1 од 30.01.2024 година и 08-3324/7од 27.05.2024 (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци’’ бр.44/23, 45/24 и 51/24), се врши следното изменување и дополнување:

- Во делот **ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ**

- **После алинеја** "Реконструкција на ул.,,Шишка" од Бул.Видео Смилевски до Северен Булевар во износ од 11.000.000,00 денари во две години, од кои 1.000.000,00 денари во 2024 година и 10.000.000,00 денари во 2025 година.

- **СЕ ДОДАВААТ нови алинеи**

- **Реконструкција на улица 8 ми Септември** со износ од 9.108.089,00 денари со вклучен 18%ДДВ , финансирано од Министерството за транспорт.

- Реконструкција на пристапен пат за м.в Косовец, с. Ресава со износ од 12.080.355,00 со со вклучен 18%ДДВ финансирано од Министерството за транспорт.

- Изградба на кружен тек на Р1107, надвор од опфат пред влез во град Кавадарци со износ од 11.317.554,00 денари со вклучен 18%ДДВ финансирано од Министерството за транспорт.

- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект локален пат од село Ресава до село Дабниште со износ од 25.246.448,00 денари со вклучен 18%ДДВ финансирано од Министерството за транспорт.

- Реконструкција на локален пат за село Чемерско со износ од 8.799.620,00 денари со вклучен 18%ДДВ финансирано од Министерството за транспорт.

- Реконструкција на отворен базен со износ од 48.902.950,00 денари со вклучен 18%ДДВ, од кои 30.141.432,00 ден се финансирани од Министерство за спорт, а остатокот од 18.761.518,00 ден со вклучен ддв е финансирано од Општина Кавадарци.

Во вкупниот износ на целокупната програма износот од 177.170.000,00,00 ден ден се заменува со износ од 195.931.518,00 ден.

Во останатиот дел програмата останува непроменета.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-5585/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.10.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**